ПРЕДЛОГ

# ЗАПИСНИК
## од 30. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 10.9.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јаjага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски, м-р Гордана Мајнова .

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 30. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување Предлог-записник од продолжение на 28. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 25.8.2026 година.

2. Усвојување Предлог-записник од 29. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.8.2026 година.

3. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија Сител ДООЕЛ Скопје.

4. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка на услуга: водоинсталатерски и електричарски услуги.

5. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од продолжението на 28. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 25.8.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 29. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.8.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи предлогот за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје. Тој појасни дека, согласно член 79 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или радио емитување се доделува за период од девет години, при што радиодифузерот има можност, шест месеци пред истекот на дозволата, да побара нејзино продолжување за нов период од девет години. Директорот потсети дека со измените на Законот од 2023 година, важноста на дозволите на радиодифузерите била продолжена за период од три години. Во однос на ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје, овој период истекува на 4 јануари 2027 година. Тој појасни дека, согласно важечката законска рамка, продолжувањето на дозволата, односно евентуалното одбивање на барањето за продолжување, е условено од исполнувањето на законски утврдените критериуми, меѓу кои и непостоење на утврдени прекршувања на посебните забрани од член 48 од Законот, согласно условите предвидени со закон, како и исполнување на обврските за обезбедување избалансирано известување за време на изборен процес. Имајќи предвид дека кај наведениот радиодифузер не се исполнети условите што би претставувале законска пречка за продолжување на дозволата, директорот предложи дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје да биде продолжена за нов период од девет години, односно до 2036 година.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Телевизија Сител ДООЕЛ Скопје.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, информираше дека предметната јавна набавка е предвидена во

Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2026 година, а потребните средства се обезбедени со Финансискиот план за 2026 година. Таа појасни дека, согласно проценетата вредност на набавката, постапката ќе се спроведе како набавка од мала вредност, во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки што се однесуваат на овој вид постапка за доделување договор за јавна набавка. Постапката ќе започне со објавување оглас на Електронскиот систем за јавни набавки. Воедно, информираше дека сите релевантни податоци и информации во врска со предметната јавна набавка се содржани во материјалите доставени до членовите на Советот за седницата, по што им стави на располагање дополнителни појаснувања доколку имаат прашања.

Советот на Агенцијата даде едногласно одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: водоинсталатерски и електричарски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка-услуга: водоинсталатерски и електричарски услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (пречистен текст) бр.05-3241/1 од 26.8.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 5**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**